Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19 и 14/20), претседателот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по пат на Интерен оглас број 1/2022 за пополнување на работно место со унапредување**

1. За извршител на работно место број 3 - Советник за меѓународна соработка, во Одделение за меѓународна соработка и истражувања, во Сектор за заштита и спречување на дискриминација со звање советник и шифра на работно место УПР0101В01000, се избира кандидатот Мирсад Арифи.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

На ден 27.07.2022 година, објавен е Интерен оглас број 1/2022 на веб страницата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и на веб страницата нна Агенцијата за администрација.

Со решение број 04-392/9 од 08.08.2022 година, формирана е Комисија за селекција за унапредување на административни службеници по пат на Интерен оглас, која ја спроведе постапката за селекција на кандидатите за унапредување. Комисијата за селекција за унапредување изготви Записник за административна селекција за интерен оглас, број 04-392/14 од 12.08.2022 година и Записник за спроведување на интервју број 04-392/15 од 12.08.2022 година.

Врз основа на Записникот од финалната ранг листа на интервјуираните кандидати, за работното место под број 3 - Советник за меѓународна соработка, во Одделение за меѓународна соработка и истражувања, во Сектор за заштита и спречување на дискриминација со звање советник, претседателот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација донесе одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука може да се поднесе жалба преку Комисијата за спречување и заштита од дискриминација до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката.

**Претседател**
**Кире Василев**

Доставено до:
- Избраниот кандидат;
- Одделение за административни работи;
- Архива.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 04-392/19
12.08 20 22 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP